МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА

## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

Предлог-закони утврдени на седница на Владата во период од **1 до 31 декември 2017** г.

22

15 — Бр. на предлог-закони со запазен минимален рок за консултации на ЕНЕР

1 — Бр. на предлог-закони со отстапки од запазување на минимален рок за консултации на ЕНЕР

0 — Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР

15 — Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР

6 — Бр. На предлог- закони кои се утврдени на Влада, но не се објавени на ЕНЕР

**Табела.** Преглед на објавени предлог-закони по министерства и почитување на минимален рок за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од минимален рок за консултации | % на отстапки од минимален рок за консултации |
|---|---|---|---|
| МП | 4 | 0 | 0% |
| МТСП | 4 | 0 | 0% |
| МВР | 5 | 0 | 0% |
| МО | 2 | 1 | 50% |
| МИОА | 1 | 0 | 0% |
| **ВКУПНО** | 16 | 1 | 6,25% |

*www.ogledalonavladata.mk*

*Во рамките на проекто се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР). За повеќе информации посетете го сајтот www.ogledalonavladata.mk.*

**Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР**

**бр. 26**

**кај 15 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

**кај 1 предлог-закон е забележано отстапување од минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

**минимален рок за консултации на ЕНЕР е 20 дена*

## Што се следи?

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

## Како се следи?

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

## Како се одредува период на консултации?

**Периодот според бројачаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

**„Отворен" значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„Затворен" значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите поставени на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) кои во текот на ноември биле утврдени на седница на Владата. Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 36/08*).

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула.
Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието на Република Македонија и од записниците достпани на веб-страницата на Владата на Република Македонија.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 31 декември 2017 г., на седница на Владата беа утврдени 22 предлог-закони. Од нив 16 беа објавени на ЕНЕР. Иако се веќе утврдени на седница на Влада кај ниту еден од нив не е објавен конечниот текст на предлог-закон кој што е и испратен до Собрание за усвојување, што значи 16 предлог- закони се уште стојат со статус „Отворен".

Во текот на декември, минималниот рок за консултации на ЕНЕР беше запазен кај 15 предлог закони (93,75%), а отстапка беше забележана само кај еден предлог-закон (6,25%). Текстот на нарт законот за Закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации е објавен од страна на **Министерството за финансии**, но не е испочитуван минималниот рок за консулатации.

Во месечните преглед се разгледуваат и содржински предлог закони кои се објавени на ЕНЕР и кои се од значење за работењето на граѓанските организации.

Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.

**Во овој број:**

**Предлог на Законот за инспекција на животната средина**

**Линк до сајтот на ЕНЕР: [https://goo.gl/jWKQWW](https://goo.gl/jWKQWW)**


**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Ул. Никола Парапунов 41а, Скопје

www.mcms.mk


Предлог на Закон за инспекција во животната средина

Главна цел на донесување на овој закон е воспоставување на ефикасен систем на инспекција во животната средина на целата територија на Република Македонија со кој ќе се постигне високо ниво на заштита на животната средина, а кој ќе се заснова врз основа на претходно спроведена процена на ризик кои субјектите на надзорот го имаат врз животната средина и согласно тоа планирање на инспекцискиот надзор согласно потребите и приоритетите.
Со предложениот закон се уредува надлежноста  и организацијата на инспекцијата во областите на животната средина на централно и локално ниво, условите кои треба да ги исполнуваат инспекторите за вршење на инспекција во животната средина, планирањето на инспекцијата во животната средина, начинот и постапката за вршење на инспекција во животната средина, правата, должностите и овластувањата на инспекторите, како и соработката и надзорот во областа на инспекцијата во животната средина.
Инспекцијата во животната средина е организирана на централно и локално ниво.  Инспекцијата за животна средина на централно ниво се врши од Државниот инспекторат за животна средина преку државни инспектори за животна средина, државни инспектори за заштита на природата и водостопанските инспектори. Делокругот на надлежност на Државните инспектори е утврдена во прописите за животна средина како и други прописи во кои постојат такви надлежности. Инспекцијата за животна средина на локално ниво се врши преку овластени инспектори за животна средина на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје согласно надлежностите утврдени во прописите за животна средина како и други прописи во кои постојат такви надлежности.
Се дефинира правниот статус на Државниот инспекторат за животна средина, раководењето со Државниот инспекторат, условите за именување на Директор на инспекторатот и негови надлежности како и условите кои треба да ги исполнуваат Државните инспектори.
Се посветува големо внимание на воведувањето на повеќегодишно планирање на инспекцијата во животната средина на целата територија на Република Македонија, со донесувањето на Национален план за инспекција во животната средина. Одговорен за подготовка и следење на Планот е Државниот инспекторат за животна средина.
Се уредуваат детално и видовите на инспекциски надзор и тоа се: редовен, вонреден и контролен инспекциски надзор.
Исто така, се воведува нова обврска со која за одредени активности и дејности кои имаат значително влијание врз животната средина произлегува обврска за подготовка на извештај за инспекција во животната средина која произлегува од правото на ЕУ поточно од Директивата 2010/75/ЕУ за индустриски емисии.

За граѓанските организации кои делуваат во областа на животната средина предлог законот е релевантен од аспект на вклучување во подготовка, следењето и оценката на Националниот план за инспекција во животната средина. Иако во Законот не се специфично спомнати организациите како дел од овој процес, сепак на граѓанските организации им се дава можност за проактивно вклучување при подготовка на Националниот план.

Нацрт законот за инспекција во животната средина поставен е на ЕНЕР на 16.12.2017 г., рокот за коментари е 6.12.2017 г.